Трајан ГОЦЕВСКИ

**УДК: 353.4(497):327.51(1-5)**

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И *НАТО*

## Вовед

Во услови кога силите на ЕУ сè уште не се прераснати во највисоко ниво на мултинационалност и можност за континуирана употреба на воените инструменти за одбрана на националните или европските интереси, Република Македонија како приоритет во својата политика ја има определбата за поскорашно зачленување во НАТО. Република Македонија секако е свесна дека овој процес треба да се сфати како долготрајна, макотрпна, сложена и скапа, но изодлива, прифатлива и најдобра од сите алтернативи кои ѝ стојат на располагање.

Со цел да се реализира оваа стратегиска цел, Република Македонија постепено ги трансформира своите приоритети и ги интензивира реформите неопходни за членство во НАТО.

Кога станува збор за НАТО, може да се каже дека тој и понатаму ќе игра клучна улога во воспоставувањето на мирот на овие простори. Последните промени што се случија во Европа, упатуваат на заклучокот дека безбедноста во Европа не може да биде упатена само на една институција олицетворена во ЕУ. За вкупните односи од големо значење е улогата на НАТО во обидот за спречување на нестабилноста и справувањето со која и да било конкретна состојба.

## Македонската визија за НАТО

Како резултат на глобалните движења во Европа на крајот од 20-тиот век, Балканот го зафати бура на немири и конфликти. Наместо со процесите на демократизација, модернизација и евроатлантски интегра-

ции, Балканот се соочи со јакнење на националистичките движења и драматичното прашање на малцинствата.

Република Македонија ги избегна кризата и војната во најразличен период во првата половина на минатата деценија. Македонија во тој период беше посочувана како држава со цивилизациски пристап во решавањето на проблемите, мирољубива проевропска земја. Република Македонија во 2001 година се соочи со конфликт кој одзеде човечки животи и го наруши мирот во државата. Оваа ситуација негативно се одрази врз развојот на државата и врз процесите за доближување кон евроатлантските интеграции. Конфликтот остави длабоки последици за кои државата треба напорно да работи за да се пресмета со нив, што секако ќе влијаат врз создавањето на една модерна држава која се определи за членство во НАТО.

Република Македонија по кризата од 2001 година е многу поинаква и поразлична држава од онаа држава од пред Рамковниот договор. Во Република Македонија се промовира нова филозофија на живеење и направен е напредок во повеќе сегменти на општествено-политичкото живеење. Може да се каже дека се направени промени во клучните сегменти на општеството, кои понатаму можат да генерираат стабилност и просперитет на државата и нејзино приближување кон НАТО. Така, донесена е програма за имплементација на Рамковниот договор, изменет е Уставот, донесени се десетици нови закони, а во постапка се законите за финансирање на локалната самоуправа, за територијалната поделба и други системски закони.

Заради натамошно спроведување на структурните реформи и процесот на децентрализација, Владата на Република Македонија во февруари 2003 година го усвои Планот за имплементација на Рамковниот договор, кој содржи: преглед на имплементацијата на одделните принципи коишто се однесуваат на уставната и законската регулатива и преглед на законите коишто треба да се изменат и дополнат; предлог за развивање на механизми за натамошно градење на доверба; потребни средства за имплементација.

Со Планот за имплементација на Рамковниот договор кој се заснова врз основа на прифатената рамка на договорот од Охрид од 13 август 2001 година, за натамошно развивање на демократијата во Република Македонија и за развивање поблиски и поинтегрирани односи меѓу Република Македонија и Евроатлантската заедница, прифатени се принципите и процесот за нивна имплементација во Уставот и во законите на Република Македонија, како и механизмите за натамошно градење на довербата.[1]

Република Македонија уште од самиот почеток од конституирањето на својата независност се определи за членство во НАТО. Настојувањето на НАТО на Северноатлантското подрачје да се изгради нова безбедносна архитектура, да се обезбеди поголема стабилност и безбедност, без да се повлекуваат линии на разделба, да се гради мир и безбедност во сите држави, се совпаѓа со политиката што ја гради нашата држава.

Значи, по осамостојувањето РМ започна да води своја автономна политика во сите домени на општественото живеење, како рамноправен меѓународно-правен субјект во меѓународната заедница. Оттаму, таа изградува свои принципи на надворешната политика, а во тие рамки и принципи во одбранбената и безбедносната политика, како неделив дел во остварувањето на националните цели.

Креирањето на политиката на одбраната на Република Македонија може да се подели на три фаза:

Прва фаза: Одбранбено осамостојување на Република Македонија, кое траеше до мај 1992 година;

Втора фаза: Дефинирање на националната безбедносна и одбранбена политика и почетното структурирање на одбранбено-заштитен систем, што траеше до 1995 година.

[1] Прифатената рамка во договорот од Охрид ја сочинуваат десет точки, односно принципи, и три анекса коишто претставуваат интегрален дел. Анексот А се однесува на амандманите на Уставот на Република Македонија, Анексот Б се однесува на измените на законодавството; а Анексот Ц се однесува на имплементацијата и прашањата за развивање на механизми за натамошно градење на довербата.

Трета фаза: Институционализација на политиката за национална одбрана и на системот за национална одбрана, интензивирање на чекорите за асоцирање во колективните системи за безбедност и НАТО, како крајна цел на нашата национална одбранбена политика.

Поаѓајќи од легитимните безбедносни аспекти на Република Македонија, системот на нашата одбрана се темели врз принципите на:

- вооружена одбрана со ангажирање на сите ресурси со кои располага државата;
- директна заштита и гаранции на нашите безбедносни интереси во рамките на НАТО.

За реализирање на оваа стратегиска определба, Република Македонија презеде низа активности кои водат до нејзиното остварување. Ќе наброиме само дел од нив: На 11. 06. 1992 година Министерот за одбрана со писмо се обрати до НАТО и до соседните земји во кое се објаснија принципите врз кои ќе се гради одбраната на Република Македонија и намерите за нејзино интегрирање во НАТО; Така, со писмото доставено до НАТО првпат беа изразени намерите за зачленување на Република Македонија во НАТО, како и започнување со активностите за наше подготвување за членство во НАТО. Може да се каже дека ова е првиот документ со кој Македонија се определи за членство во Алијансата. Преку писмото ги искажавме нашите намери и определбата на нашата држава за соработка со државите од регионот за заеднички настап за прием во НАТО; Собранието на РМ на 23 декември 1993 година донесе Одлука за стапување на РМ во членство во Северноатлантската договорна организација – НАТО; Република Македонија беше една од првите држави која ја поздрави и ја поддржа иницијативата Партнерство за мир во јануари 1994 година, а во ноември 1995 година стана нејзина членка; во 1996 година Македонија го потпиша СОФА договорот и Дополнителниот протокол на договорот РМ-НАТО, со кој се регулира статусот на силите меѓу државите-членки на Алијансата и на ПзМ; од јули 1996 година РМ има свои офицери за врски во седиштето на НАТО во Брисел и во Координативната ќелија на ПзМ во Монс. РМ се вклучи и во процесот

ПАРП, а од јуни 1997 година стана членка на ЕАПС, кој претставува широка рамка за соработка меѓу партнерите.

Со приемот во Партнерството за мир, Македонија го направи првиот чекор што води кон наша интеграција во оваа структура.

Партнерството за мир е главниот механизам за зајакнување на практичните безбедносни врски меѓу Алијансата и партнерите. Преку конкретни програми што ги рефлектираат индивидуалните капацитети и интереси на партнерите, државите-сојузнички и партнерите работат на планирањето и буџетирањето на националната одбрана и на демократска контрола над вооружените сили.

Во периодот по Студената војна, се појави нова Европа, со поголема интегрираност и со развиена евроатлантска безбедносна структура, во која НАТО игра централна улога. Притоа, Алијансата игра централно место во напорите за воспоставување нови шеми на соработка и заемно разбирање во целиот евроатлантски регион и се заложи за нови и суштински активности во интерес на поширокаата стабилност. Затоа НАТО мора да постои и да ја одржува колективната одбрана, да ја зајакнува трансатлантската врска и да обезбеди рамнотежа, која на европските сојузници ќе им обезбеди преземање поголема одговорност. Во рамките на тоа, Алијансата мора да ги продлабочува своите односи со партнерите и да се подготвува за пристапување на нови членки.[2]

Проширувањето на НАТО треба да придонесе за унапредување на безбедноста на сите држави на северноатлантското подрачје со:

- поттикнување и поддршка на демократските реформи, вклучувајќи ја цивилната и демократска контрола над војската;
- поттикнување на новите членки на Алијансата на соработка, консултации и консензус, со што се карактеризираат односите меѓу постојаните членки на Алијансата;
- нагласување на заедничката одбрана и ширење на предностите и зголемување на транспарентноста во одбранбеното плани-

[2] The Reader's Guide to the NATO Summit in the Washington 23-35 April 1999, The Alijance's Strategic Concept, Office of Information and Press NATO, Brussels (ISBN 92-845-0132-6), p.47.

рање и воените буџети, најавување на веројатноста за појава на нестабилност што може да се создаде со остварување само на сопствена одбрана;

- зајакнување на способностите на Алијансата за подобрување на европската и на меѓународната безбедност, вклучувајќи и мировни активности преземани од страна на ОБСЕ и Советот за безбедност, како и други нови мисии итн.[3]

НАТО ја отсликува трансатлантската врска преку која безбедноста на Северна Америка е перманентно поврзана со безбедноста на Европа. Тоа е практичен израз за ефикасен колективен напор меѓу нејзините членки во поддршката на нејзините безбедносни интереси.[4]

Фундаменталниот пристап на Алијансата е заедничка заложба за меѓусебна соработка меѓу земјите-членки, заснована врз заемна поврзаност за нивна безбедност. Солидарноста и кохезијата во рамките на Алијансата обезбедуваат ниту една земја-членка да не биде приморана да се потпира врз сопствените национални напори во справувањето со основните безбедносни предизвици. Без да се лишат земјите-членки од нивното право и дол–ност да ги заземат своите суверени должности на полето на одбраната, Алијансата им овозможува да ги реализираат основните национални безбедносни цели преку колективен напор. Накратко, Алијансата е асоцијација на слободни држави обединети во нивната решеност да ја зачуваат својата безбедност преку заемни гаранции и стабилни односи со други земји.[5]

Патот кон зачленувањето во НАТО е долготраен и макотрпен, со оглед на противставувањето на некои од дравите кои тешко мо–ат да се помират со постоењето на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

---

[3] Study on NATO Elargement, September, 1995, page 2

[4] NATO Handbook, *NATO Office of Information and Press*, 1110 Brussels, Belgium, 2001, 30.

[5] Ibid, 33.

Секако дека приемот во НАТО бара исполнување на определени критериуми кои е потребно да бидат во насока на определена доградба на сегашниот одбранбен систем и постигнување повисок степен на кооперативност и компатибилност со одбранбените системи на земјите-членки на НАТО.[6]

Нашата определба за членство во НАТО не значи и желба НАТО да ја брани територијата на Македонија. Напротив, тоа е желба на Македонија за рамноправно учество со другите членки на НАТО во развојот на демократијата и стабилноста на Европа.

Со полноправното членство во НАТО Република Македонија ќе има рамноправна улога како и останатите држави-членки, но и можност да учествува во градењето на мирот и стабилноста на Европа, можност за создавање услови за придонесување за јакнење на мирот и можност за рамноправен партнер со земјите кои сакаат да градат мир и безбедност.

Република Македонија интензивно работи на пропишаните стандарди и својата политика ја има насочено кон исполнување на условите кои им се наметнуваат на државите-кандидати, а се однесуваат на развојот на демократијата во државата; цивилната контрола над војската, градењето добри односи со соседите; развој на пазарната економија, како и поддршка на мировните операции. Во согласност со овој критериум, Македонија веќе учествува во градењето и одржувањето на мирот во одделни региони во светот и, се разбира, активно е вклучена во активностите што се остваруваат во рамките на Партнерството за мир.

Во ова време на драматични промени во Европа и во светот, Република Македонија неопходно е да соработува со своите партнери и пријатели за да може да придонесе во спречувањето на нови ризици по безбедноста на земјата. Во таа насока Македонија се приклучи кон светските напори за сузбивање на глобалната закана во светот – тероризмот. Маке-

---

[6] Пошироко види: Т.Гоцевски, *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, 1997, 253.

донија ја искажа својата определба за целосна солидарност и поддршка на меѓународната заедница во борбата против тероризмот и во таа насока ќе понудиме конкретни мерки со цел да дадеме свој придонес во глобалните напори против оваа закана.

На самитот во Прага на нашата држава ѝ беше оддадено признание за постигнатиот напредок на полето на реформите. Од нас се очекува да бидеме и активен партнер во глобалната борба против тероризмот, но и активен партнер во спроведување на мисии за зачувување на мирот. Со испраќањето наши војници во Авганистан и Ирак, Република Македонија докажа дека е способна да биде дел од НАТО и да биде рамноправен партнер заедно со другите држави-членки на Алијансата.

Исто така, во завршната декларација на неодамна завршениот Самит на НАТО во Прага беа потврдени прогресот во Република Македонија, брзото враќање на патот на реформите и вкупната демократизација на државата. Македонија треба да ги одработи планираните реформи и да ги постигне европските стандарди не само заради формалното членство во НАТО, туку, пред сè, заради нас самите и заради просперитетот на државата во која живееме, во која мора да се почитуваат европските и цивилизациските вредности. На следниот самит на Алијансата ние мора да добиеме дефинитивна и формална потврда дека местото ни е меѓу државите кои веруваат во исти идеи.

Во Прага добивме поддршка од Албанија и од Хрватска за нашата иницијатива за поинтензивна регионална соработка во одбраната и безбедноста, идеја која во целост се операционализира во изминатиот период.

Република Македонија, заради интензивирање на процесот за влез во НАТО, ја прифати концепцијата за регионален пристап. Во тој поглед прави голем исчекор, а круна на сето тоа е потпишувањето на Повелбата за партнерство меѓу Македонија, Хрватска, Албанија и САД (партнери). Повелбата се однесува на принципите на партнерството, заедничката цел за целосна евроатлантска интеграција, демократските реформи и човековите права, економските реформи и соработката, регионалната

безбедност и американско-јадранските односи. Партнерите со потпишувањето на Повелбата ги потврдија нивните заеднички напори за придонесување на полето на безбедноста на евроатлантската заедница, со зајакнато учество на сите соседи во регионалните и мултинационалните институции. Регионалната соработка ги поттикнува државите да вршат меѓусебни консултации кога е загрозен некоја од партнерите, понатаму преземање соодветни чекори за зајакнување на границите, спречување на транснационалните закани, имплементирање на реформите во вооружените сили итн. Соработката ги обврзува потписничките на повелбата за заедничко учество во пресметувањето со корупцијата и организираниот криминал како закана не само за државите од регионот туку и пошироко. Со тоа, како што е потенцирано и во потпишаниот документ, во таа насока партнерите ќе ги координираат активностите за справување со овие закани преку преземање национални и мултилатерални мерки во борбата против трговијата со оружје, трговијата со дрога, трговијата со луѓе и други форми транснационален криминал.

Треба да се истакне дека САД силно ги поддржуваат ваквите активности на трите држави и како потврда за тоа тие го депонираа и нивниот потпис на Повелбата, со што станаа активен промотор на заложбата за интегрирање во НАТО на Албанија, Македонија и Хрватска.

Проширувањето на ЕУ и НАТО несомнено ќе ги зајакне демократијата, мирот и благосостојбата во Европа.

Во основа треба да се поздрави поддршката од страна на западните земји за промовирање на реформите во безбедносниот сектор, затоа што нивното искуство ќе придонесе многу побрзо и многу подобро да се имплементираат новите решенија во оваа сфера. Насоките од западните земји можат само позитивно да влијаат при процесот на спроведување на реформите во безбедносниот сектор. Нашата потреба за интензивирање на реформите во безбедносниот сектор, меѓу другото, е детерминирана и од нашата заложба за побрзо интегрирање во НАТО, за што постои општ консензус од сите политички субјекти во Република Македонија.

Во согласност со преземените обврски, Република Македонија континуирано секоја година донесува национална програма за членство во НАТО. Исто така, пред неколку месеци беше донесена национална концепција за безбедност и одбрана. Понатаму, интензивно се работи на реформите на вооружените сили, се работи на концептот за интегрално чување на границите, Министерството за одбрана работи на Стратегискиот одбранбен преглед и сл.

Со Националната програма за членство во НАТО 2003/2004 година, нашата држава доследно продолжува во реализирањето на стратегиската определба за полноправно членство во НАТО. Подготовките на Република Македонија за членство во НАТО и имплементацијата на Акциониот план за членство се одвиваат со несмалена динамика, и нашата држава секојдневно се потврдува како сериозен кандидат кој во практиката покажува дека презема политички и практични одговорности кои произлегуваат од статусот на една земја-членка. Во овој контекст треба да се акцентира особената важност на воспоставените механизми и процедури на практична соработка и координација со силите на НАТО, што во дополнение на Акциониот план за членство, на Република Македонија ѝ овозможува уникатен начин на истакнување интероперативност и интероперабилност. Како што е потенцирано и во Националната програма за подготовки на РМ за членство во НАТО, самото членство во НАТО за Македонија ќе претставува практична реализација на највисоко можно ниво на безбедност, а за Алијансата стабилизирање и консолидирање на целиот регион, а со тоа и обезбедување на мирот, стабилноста и благосостојбата во цела Европа и пошироко. Со тоа може да се каже дека консултациите во рамките на индивидуалниот дијалог, Акциониот план за членство и проценката на Процесот на планирање и анализа претставуваат важни механизми за проценка на степенот на реформите на АРМ и нејзиното приближување кон НАТО.

Донесувањето на Националната концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија претставува основа врз која понатаму ќе се уредуваат односите во областа на безбедноста и одбраната. Во

основа, може да се каже дека Концепцијата за безбедност и одбрана е општ насочувачки темелен документ кој, покрај другото, ги изразува и политичките ставови по клучните прашања сврзани за нашата национална безбедност и одбрана, вклучувајќи го и нашето членство во НАТО. Со остварување на ставовите и погледите на националната концепција за безбедност и одбрана ќе се овозможи подобра безбедносна состојба и заштита на темелните вредности и од нив произлезените интереси на Република Македонија, како и овозможување на мирен развој на државата, нејзината демократија.

Оттука, може да се каже дека стратегиската определба и цел на Република Македонија и на нејзината национална концепција за безбедност и одбрана е трајната определба на Република Македонија својата иднина да ја остварува како дел на европското семејство и членка на НАТО. Како што е апострофирано и во концепцијата за безбедност и одбрана, интеграцијата во НАТО е еден од најважните витални интереси за Македонија. Оттука, Република Македонија на НАТО гледа како на еден од клучните столбови на модерната, евроатлантска, безбедносна архитектура. Во таа насока, Република Македонија цврсто ги поддржува процесите на трансформација и проширување на Алијансата. Така, во согласност со своите определби кои се потенцирани и во самата концепција, Република Македонија ги има идентификувано, пријавено и подготвено можностите и капацитетите со кои ќе учествува во НАТО и во мировните и хуманитарни операции предводени од НАТО.

Република Македонија своето членство во НАТО го смета како трајна обврска за што во државата постои широк политички и општествен консензус.

Зачленувањето во НАТО треба целосно да ги избрише границите и да ги приближи интересите на сите граѓани во Република Македонија, без разлика на нивната етничка припадност и секоја друга разлика. Тоа би придонесло за формирање на неизбежната толеранција која води во прегратките на граѓанското општество каде што има сè помалку етноси, а сè повеќе граѓани.

Секако дека Алијансата е подготвена да ѝ помогне на Македонија во остварување на замислената цел. Сè повеќе е извесно дека нашиот прием зависи од нас самите, од тоа колку ќе бидеме упорни и истрајни во реализирањето на веќе започнатите реформи.

НАТО и понатаму ќе опстојува, но треба да биде трансформиран и подготвен да функционира со основна цел во иднина да се унапредува безбедносната архитектура на Европа, да ја зголеми стабилноста на сите др–ави во северноатлантското подрачје и пошироко. НАТО треба да се залага за преземање политички и одбранбени мерки и активности за изградба на заеднички процес на интеграција и соработка со постојните мултилатерални институции во Европа, како што се ЕУ и ОБСЕ, институции кои според своите функции треба да имаат значајно место и улога во одржувањето на мирот и безбедноста.

(Рецензент: *Проф. д-р Марина Митревска*)

## Литература:


1. Гоцевски, Т., *Одбранбено осамостојување*, „Македонска ризница“, Куманово, 2001.
2. Гоцевски, Т., *Современи тенденции во одбраната*, „Македонска ризница“, Куманово, 1997.
3. Study on NATO Elargement, September, 1995.
4. The Reader&s Guide to the NATO Summit in the Washington 23-35 April 1999, The Alijance&s Strategic Concept, Office of Information and Press NATO, Brussels (ISBN 92-845-0132-6).
5. NATO Handbook, NATO Office of Information and Press, 1110 Brussels, Belgium, 2001.
6. Годишна национална програма за подготовки на Република Македонија за членство во НАТО 2003/2004.
7. План за имплементација на Рамковниот договор, февруари 2003.
8. Повелбата за партнерство меѓу Македонија, Хрватска, Албанија и САД.

## SUMMARY

Trajan GOCEVSKI

## REPUBLIC OF MACEDONIA AND *NATO*

Since the beginning of its independence, the Republic of Macedonia has made a clear decision of becoming a NATO member. NATO's persistence to build new security architecture in the North-Atlantic area, to provide greater stability and security without drawing lines of separation, to build peace and security in all countries, coincides with the actual policy of our country.

The way to NATO membership is an ongoing and a difficult process, bearing in mind the opposition of some of the states that can hardly accept the existence of the Republic of Macedonia as an independent and sovereign country.

Understandably, joining NATO requires fulfillment of certain criteria that have to be in direction of the stated completion of the contemporary defence system and achievement of higher level of co-operability and compatibility with the defense systems of the NATO member states.

Being an equal NATO member, the Republic of Macedonia will have identical role as the other member states but also an opportunity to participate in peace building and European stability, a possibility for equal partner with the countries that want to build peace and security.


***Key words:*** *national defence interest, political-military organization, NATO collectivity.*